# З А П И С Н И К
**од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 16.10.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 16.10.2018 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Никола Димитров, министер за надворешни работи, Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем Хазби Лика и д-р Рената Дескоска, министерка за правда.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Деведесет и првата седница на Владата, одржана на 2.10.2018 година

- Усвојување на Записникот од Деведесет и четвртата седница на Владата, одржана на 13.10.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за програмите на Унијата за 2017 година
- Статус на реализација на Рамковниот договор
- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за потреба од итна санација на армирано-бетонски мост на пругата Велес - Гевгелија (км. 532+442), со Извештај од извршениот увид

2. Информација за реализација на договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје

3. Барање од ООУ „Страшо Пинџур“ од Вевчани за обезбедување нафта за греење на училиштето и непречено одвивање на наставата, со Предлог-одлука

4. Барање согласност за расходување и отпишување на канцелариска опрема - столици, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

6. Информација за меѓународна изложба со наслов „100 години Требениште“

**б) Економски систем и тековна економска политика**

7. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

8. Информација за пренамена на средства од Програмата за енергетска ефикасност и обновливи енергии за финансирање на проекти од областа на наводнувањето

9. Информација за постапката на ликвидација на Водостопанското претпријатие „Струмички слив“ - Струмица, во ликвидација, со Предлог за разрешување на ликвидаторот и назначување на нов ликвидатор

10. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на основна класа на намена А1-домување во стамбени куќи КО Кочани, Општина Кочани, со Предлог-одлука

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Озормиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Озормиште и КО Озормиште-вон г.р., Општина Желино, со Предлог–одлука

12. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Породин, Општина Битола, со Предлог-одлука

13. Информација за членството на Република Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

14. Информација во врска со формирање на работна група за Национален акциски план за енергија и клима

15. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Забрдо“ - Општина Новаци

16. Информација во врска со Предлог – одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–песок и чакал на Друштвото за транспорт, трговија и услуги „Кико Тер“ ДООЕЛ с.Мокриево, Ново Село на локалитетот „с.Доброшинци“, Општина Василево, со Предлог-одлука

17. Информација во врска со Барањето на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги „КЕПС Кепс Монт Гроуп“ ДОО Скопје за измена на условите во Договорот за пренос на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, Општина Велес

18. Информација за работата на Работната група за „Зелени работни места“, со Акциски план

**в) Политички систем**

19. Информација за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот, 1 јануари -30 јуни 2018 година, со Преглед на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5)

20. Информација за обезбедување деловен простор за проектот за отворање на Инфо - центар за евроатлантски интеграции, со Предлог–одлука

21. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност, со Предлог-одлука

22. Информација за постојната состојба во процесот на подготовка на Граѓанскиот законик на Република Македонија, со Извештај за моменталната состојба во подготвувањето на Граѓанскиот законик на Република Македонија

23. Информација за усвојување на меѓународната Повелба за отворени податоци

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

24. Информација за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија

25. Информација за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ - Универзитетска клиника за кардиологија

26. Информација за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија

27. Информација за анализа за алтернативна локација за изградба на нов Универзитетски клинички центар во Скопје и формирање на работна група за вршење на анализата

**Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

28. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Автопат Миладиновци-Свети Николе-Штип на минерална суровина –

песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Широка Падина 1“, Општина Свети Николе

29. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – минерална вода на локалитетот „Горица“ с. Белчишта, Општина Дебарца од Друштвото за трговија и услуги ЕВРОПОРЦ ДОО увоз-извоз с. Трубарево Скопје на Друштвото за производство, трговија и услуги „ГОРИЧАНКА“ ДОО увоз-извоз Скопје

30. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за градежништво, трговија, услуги и производство „Прима градба“ ДОО Штип на локалитетот „Долно поле“ с.Прибачево, Општина Кочани

**б) Политички систем**

31. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан

32. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

33. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот суд Скопје I - Скопје

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

34. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

35. Иницијатива поднесена од адвокатката Маја Лазаревиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.101/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 15 став 1 точка 2, став 3 и став 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17)

36. Иницијатива поднесена од Новица Наков од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.83/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17 од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2018)

37. Иницијатива од Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.106/18, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 196 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/04) и член 100 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09)

38. Иницијатива поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.105/2018, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010)

**д) Други предлози**

39. Кадровски прашања

40. Прашања и предлози

**В. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

41. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2018 година до 30.6.2018 година

42. Извештај за извршувањето на потставките 412110 –Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот, 1 јануари до 30 јуни 2018 година

43. Информација за одржаниот Четиринаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, Брисел, 13 јули 2018 година

44. Информација за прогрес на активности во врска со реализација на проектот „Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии“, за периодот јануари – јуни 2018 година

**Г. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

45. Предлог-закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, по скратена постапка

46. Информација со Предлог-Тарифа на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица

47. Информација со Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија на локалитетот „Ада“ с. Мрзенци, Општина Гевгелија

48. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за возила

*

*          *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

**Информација за програмите на Унијата за 2017 година**

Владата не расправаше по Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година.

**Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција.

**Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од итна санација на армирано-бетонски мост на пругата Велес - Гевгелија (км. 532+442), со Извештај од извршениот увид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за финансии да предложи можни решенија за изнаоѓање на финансиски средства потребни за санација на мостот (првенствено во рамките на расположливите средства во буџетот на Министерството за транспорт и врски).

2. Се задолжува ЈП Македонски железници - Инфраструктура да отпочне итна постапката за реализација на набавката - санација на армирано-бетонскиот мост на пругата Велес-

Гевгелија (км.532+442) согласно предлогот на Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје, со пропратни документи, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје и му препорача на Град Скопје во рок од седум дена да се обидат да изнајдат заедничко решение.

**Точка 3**

Владата го разгледа Барањето од ООУ „Страшо Пинџур" од Вевчани за обезбедување нафта за греење на училиштето и непречено одвивање на наставата, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Вевчани, во предложениот текст.

Трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да ги плати ООУ „Страшо Пинџур" – Вевчани.

**Точка 4**

Владата го разгледа Барањето согласност за расходување и отпишување на канцелариска опрема - столици, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за меѓународна изложба со наслов „100 години Требениште" (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во рамки на предвидените средства потребни за Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да обезбеди парични средства во износ од 1.200.000,00 денари во рамките на средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија, за реализација на меѓународната изложба „100 години Требениште".

2.Се задолжува Министерството за култура да подготви Одлука за осигурување на експонатите согласно член 33 од Законот за музеи и истата да ја достави до Владата најдоцна до 30.10.2018 година.

3.Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди полициско обезбедување на вториот кат во објектот каде ќе бидат поставени експонатите од изложбата и на самиот објект на НУ Археолошки музеј на Македонија - Скопје за време на свеченото отворање на изложбата на 15 ноември 2018 година.

4.Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди експонатите од меѓународната изложба „100 години Требениште“ кои се во сопственост на Република Македонија, да бидат доставени до Националниот археолошки институт со музеј – Софија, Република Бугарија и до Народниот музеј Белград, Република Србија, во договорените термини по дипломатски пат.

**<u>Точка 7</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

**<u>Точка 8</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пренамена на средства од Програмата за енергетска ефикасност и обновливи енергии за финансирање на проекти од областа на наводнувањето и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за финансии да ја започне постапката за пренамена на средствата во вид на заем во износ од 20 милиони евра од Програмата за енергетска ефикасност и обновливи енергии, III фаза, за проекти од областа на наводнувањето, а за обезбедување на останатите средства потребни за затворање на финансиската конструкција на проектите од областа на наводнувањето да се побара развоен заем од Владата на СР Германија и КфВ банката.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката на ликвидација на Водостопанското претпријатие „Струмички слив“ - Струмица, во ликвидација, со Предлог за разрешување на ликвидаторот и назначување на нов ликвидатор (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата за ликвидатор на Водостопанското претпријатие „Струмички слив“ – Струмица, во ликвидација го предлага Драги Шекерџиев, со место на живеење на ул. „Јанко Цветинов“ бр. 46, Струмица.

2. Се укажува на Државното правобранителство на Република Македонија, во рок од седум дена од добивањето на предлогот за нов ликвидатор, да ги спроведе сите потребни активности за разрешување на лицето Стојан Митевски од функција ликвидатор и назначување на лицето Драги Шекерџиев, со место на живеење на ул. „Јанко Цветинов“бр. 46, Струмица, за ликвидатор на Водостопанското претпријатие „Струмички слив“ – Струмица, во ликвидација.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на основна класа на намена А1-домување во стамбени куќи КО Кочани, Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на основна класа на намена А1-домување во стамбени куќи КО Кочани, Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Озормиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Озормиште и КО Озормиште-вон г.р., Општина Желино, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Озормиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Озормиште и КО Озормиште-вон г.р., Општина Желино, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Породин, Општина Битола, со Предлог - одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Породин, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2017 година, најдоцна до крајот на ноември 2018 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со формирање на работна група за Национален акциски план за енергија и клима, со дополнувањето кон неа и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања, а воедно им се укажува на Агенцијата за енергетика, АД „ЕЛЕМ“ Скопје и Македонската академија на науките и уметностите, најдоцна до 25 октомври 2018 година, до Министерството за економија, да достават номинации на лица кои ќе бидат вклучени во работната група за подготовка на Национален акциски план за енергија и клима.

2.Се задолжува Министерство за економија, по потреба дополнително во работната група да вклучи и претставници од други надлежни институции, граѓанскиот сектор и други експерти.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Забрдо“ Општина Новаци, ја усвои Информацијата и даде согласност за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Забрдо“ Општина Новаци.

## Точка 16

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Предлог–одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за транспорт, трговија и услуги „Кико Тер“ ДООЕЛ с.Мокриево, Ново Село на локалитетот „с.Доброшинци“, Општина Василево, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги „КЕПС Кепс Монт Гроуп“ ДОО Скопје за измена на условите во Договорот за пренос на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, Општина Велес, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство во рок од 15 дена да одржат состанок на кој ќе ја разгледаат целата документација во врска

со случајот и да ги разгледаат законските решенија за решавање на проблемот со техногената минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, Општина Велес.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Работната група за „Зелени работни места“, со Акциски план (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати Акцискиот план за работа на Работната група за поврзување на „зелените работни места“ со младинската невработеност за 2018 година.

2.Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Работната група за „Зелени работни места“, да ја информираат Владата за реализација на предвидените активности во Акцискиот план, најдоцна до крајот на јануари 2019 година.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот, 1 јануари - 30 јуни 2018 година, со Преглед на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5), ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија по усвојувањето на Информацијата, да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5), во „Службен весник на Република Македонија“ во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила“.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување деловен простор за проектот за отворање на Инфо-центар за евроатлантски интеграции, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Условно ја донесе Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје доколку се исполнат следниве два услови:

- Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да донесе конкретен акт со кој престанува потребата од понатамошно користење на деловниот простор кој е предмет на барањето на Министерството за надворешни работи за намена отворање на Инфо - центар за евроатлантски интеграции.
- Агенцијата за катастар на недвижности да ги провери податоците во однос на предметната недвижна ствар, во насока на тоа дали истите соодветствуваат како што се наведени во Имотниот лист, со фактичката состојба на терен.

Истовремено, Владата заклучи по влегувањето во сила на оваа одлука Министерството за надворешни работи да подготви и на наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар (деловен простор на Министерството за надворешни работи за проектот за отворање на Инфо - центар за евроатлантски интеграции).

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи-Гранична полиција и Министерството за финансии-Царинска управа да преземат мерки за непречен премин на припадниците на вооружените сили на Република Полска, на државната граница на Република Македонија.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за постојната состојба во процесот на подготовка на Граѓанскиот законик на Република Македонија, со Извештај за моменталната состојба во подготвувањето на Граѓанскиот законик на Република Македонија и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Комисијата за изготвување на Граѓански законик на Република Македонија до Министерството за правда во рок од еден месец да достави детален ревидиран извештај за текот на подготовка на Граѓански законик на Република Македонија и да информира за можен краен рок за завршување на работата.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на меѓународната Повелба за отворени податоци и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се овластува министерот за информатичко општество и администрација да потпише изјава за усвојување на меѓународната Повелба за отворени податоци.

2.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена од усвојување на информацијата да достави потпишана изјава за усвојување на меѓународната Повелба за отворени податоци до членовите на Советодавниот одбор на Повелбата за отворени податоци.

## Точка 24

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија поради потребата да се изврши дополнително усогласување со

Министерството за финансии (во насока Министерството за финансии да го допрецизира мислењето, односно да потврди/даде согласност дека планираните средства ќе бидат обезбедени во Буџетот на Министерството за здравство во соодветните фискални години) и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ - Универзитетска клиника за кардиологија поради потребата да се изврши дополнително усогласување со Министерството за финансии (во насока Министерството за финансии да го допрецизира мислењето, односно да потврди/даде согласност дека планираните средства ќе бидат обезбедени во Буџетот на Министерството за здравство во соодветните фискални години) и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 26**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ - Универзитетска клиника за дигестивна хирургија поради потребата да се изврши дополнително усогласување со Министерството за финансии (во насока Министерството за финансии да го допрецизира мислењето, односно да потврди/даде согласност дека планираните средства ќе бидат обезбедени во Буџетот на Министерството за здравство во соодветните фискални години) и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 27**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за анализа за алтернативна локација за изградба на нов Универзитетски клинички центар во Скопје и формирање на работна група за вршење на анализата.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Автопат Миладиновци-Свети Николе-Штип на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот „Широка Падина 1“, Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – минерална вода на локалитетот „Горица“ с. Белчишта, Општина Дебарца од Друштвото за трговија и услуги „ЕВРОПОРЦ“ ДОО увоз-извоз с. Трубарево Скопје на Друштвото за производство, трговија и услуги „ГОРИЧАНКА“ ДОО увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, трговија, услуги и производство „Прима градба“ ДОО Штип на локалитетот „Долно поле“ с.Прибачево, Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог–одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерката за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот суд Скопје I - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Маја Лазаревиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.101/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 15 став 1 точка 2, став 3 и став 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14,

20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17) и притоа го утврди следното мислење.

Во текстот на поднесената Иницијатива се истакнува дека со оспорените законски одредби од Законот за здравственото осигурување повредени се член 39 став 1 како и член 42 од Уставот на Република Македонија на начин што се ограничува правото на здравствена заштита на вработените кои е потребно да користат боледување и воедно не се заштитува мајчинството. Како е наведено во Иницијативата, законскиот услов придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена е законска пречка за вработените да користат надоместок на плата особено што уплатата на придонесите не зависи од вработените туку од работодавците кои поради неликвидноста на фирмите или поради неодговорното работење оневозможуваат нивните вработени да можат да отворат боледување, односно за идните мајки - породилно боледување. Понатаму наведено е дека нема ниту законска можност самиот вработен да уплати средства во износ од неисплатените придонеси за да може да го оствари правото на боледување. Не можејќи да користат боледување, посебно вработените бремени жени, се принудени да дадат отказ или да добијат отказ што ги повредува основните права, односно мајчинството. Во оваа насока е наведено во Иницијативата дека се повредуваат и одредбите од Законот за работните односи.

Овие наводи во Иницијативата повеќе претставуваат опис на фактичката состојба во општеството и случувањата во приватниот економски сектор отколку што се солиден основ за утврдување на противуставност на нападнатите одредби од Законот за здравственото осигурување.

Имено со Законот за здравственото осигурување, здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно.

Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на задолжителност, сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон.

Според начелото на задолжителност, здравственото осигурување е задолжително за сите граѓани кои во член 5 став 1 од Законот се наведени како осигуреници, односно согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување. Со стекнувањето на својството на осигуреник, здравственото осигурување станува задолжително. На тој начин Законот на сите осигуреници им обезбедува социјална сигурност, односно здравствено осигурување за случаите во кои можат да се остваруваат права на заштита на здравјето во случај на болест и повреда.

Со задолжителното здравствено осигурување се обезбедуваат здравствени услуги и парични надоместоци односно право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Правото на надоместок на плата можат да го остварат сите лица кои се во работен однос според прописите за работните односи кои за својата работа остваруваат плата, а кои не можеле да ја остварат поради тоа што биле спречени за работа поради болеста, односно

повредата. Ова се однесува и на правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, кое исто така произлегува од прописите за работните односи и им припаѓа на осигурениците кои се во работен однос и кои за својата работа би оствариле плата, а кои се спречени да ја остварат поради тоа што очекуваат раѓање на дете и отсуство поради одгледување на детето.

Согласно тоа, со Законот за здравственото осигурување на товар на средствата од задолжителното здравствено осигурување и покрај социјалниот карактер на правото на надоместок на плата се гарантира висок степен на економска односно социјална сигурност на осигуреникот. Правото на надоместок на плата е право кое произлегува од прописите од областа на работните односи, а со Законот за здравственото осигурување се регулираат критериумите и условите за остварување на ова право и висината на износот на надоместокот на плата.

Во поднесената иницијатива се истакнува дека се ограничува правото на здравствена заштита. Треба да се истакне дека член 15 не се однесува на правото на здравствена заштита, туку се однесува на правото на надоместок на плата и со членот се утврдуваат условите кои треба да се исполнат за да се оствари ова право.

Согласно член 18 од Законот за здравственото осигурување надоместокот на плата за првите 30 дена спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, а над 30 дена Фондот. Од тука јасна е потребата да се направи разлика и разграничување на две различни ситуации во врска со обврската за пресметување и исплатување на надоместокот на плата во случај на спреченост за работа на осигурениците. До триесеттиот ден од спреченоста за работа обврската за исплата на надоместокот на плата е на работодавецот. Што се однесува до исплатата на надоместокот на плата после триесеттиот ден од спреченоста за работа е обврска на Фондот и во таа смисла е неспорната потреба и финансиска оправданост на законски предвидениот услов придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена. Како и претходно што е истакнато, правото на надоместок на плата е пред се право од социјален карактер и не претставува ниту здравствена услуга, ниту има карактер на здравствена заштита. Да не се занемари фактот дека со средствата од задолжителното здравствено осигурување пред сè се плаќаат здравствените услуги и Фондот, како е предвидено и во Законот за здравственото осигурување, е купувач на здравствени услуги. Не треба да се напушти основната содржина и идеја на здравствениот систем заради што и основано треба да се постави прашањето дали овие осигуреници кои се предмет на конкретната иницијатива добиваат или не добиваат потребна здравствена заштита. Во оваа насока во Иницијативата не се дадени аргументи за оценување на уставноста на член 15 од Законот за здравственото осигурување, напротив во Иницијативата наведена е содржина со која се дава опис на фактичките случувања и непочитувањето на регулативата и обврските кои произлегуваат за работодавците како од областа на работните односи така и од областа на задолжителното социјалното осигурување (обврзници за плаќање придонес, обврзници за пресметка и уплата на придонес, основица за пресметка на придонесот, рокот за уплата итн.). Доколку во праксата не се почитува законската регулатива, доколку во праксата работодавците не ги почитуваат своите законски обврски или ги изигруваат законските решенија, треба да се преземат други соодветни мерки. Предлогот во поднесената иницијатива да се поништи или укине дадена законска одредба исклучиво поради непочитување, неодговорно однесување на правните субјекти од позиција на работодавци и во целина недоследна примена на законските решенија е апсолутно неоснован и сето ова

не ја наметнува потребата од иницирање на постапка за оценување на уставноста на законските одредби. Подносителот на Иницијативата погрешно ја разбира фактичката состојба и истата ја објаснува со противуставност на законските одредби и уште повеќе го предлага нивното поништување или укинување во отсуство на разбирање и анализа на целокупниот систем на здравствено осигурување и здравствена заштита.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените одредби од член 15 став 1 точка 2, став 3 и став 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17) се во согласност со член 39 и член 42 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 15 став 1 точка 2, став 3 и став 4 од наведениот закон.

## Точка 36

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Новица Наков од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.83/2018, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17 од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2018), поради потребата Министерството за внатрешни работи да подготви мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство и да го достави до Владата.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 37

Владата ја разгледа Иницијативата од Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.106/18, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 196 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/04) и член 100 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09) и притоа го утврди следново мислење:

Иницијативата за оценување на уставноста е поднесена од страна на Еленко Миланов од Скопје, а се однесува на членот 196 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/04) и член 100 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/09).

Подносителот истакнува дека за спроведување на принципот на владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, обврска на законодавецот е да пропишува јасни, прецизни и цврсти описи на кривичните дела и на сите претпоставки за нивното казнување, односно да биде јасно кое поведение и под кои претпоставки доаѓа под удар на Законот, а оспорениот дел од законската одредба на член 196 од Законот, односно 353 став 5 од Кривичниот законик инкриминира искористување на

службената положба или овластување на службеното лице при вршење на јавни набавки, иако согласно Законот за јавни набавки, службеното лице како одговорно лице има крајно лимитирана улога која е сведена на обврска при изборот на најповолна понуда да го прифати извештајот на Комисијата за јавни набавки при органот со кој раководи службеното лице, освен ако утврди дека предлогот за избор на најповолна понуда е изготвен во спротивност со одредбите од Законот (член 142 став 5 од Законот за јавни набавки). Согласно Законот за јавни набавки, Комисијата за јавни набавки е главен носител на сите активности во постапката за јавни набавки.

Понатаму, во Иницијативата се наведува дека имајќи ги предвид надлежностите на Комисијата од една страна и надлежностите на службеното лице од друга страна не е јасно кое поведение на службеното лице го доведува истото во судир со Законот.

Во однос на вториот дел од одредбата од член 353 од Кривичниот законик, подносителот наведува дека остава простор за арбитрарност или произволно толкување од страна на властите за постоење на штета на Буџетот на Република Македонија или други средства на државата во поглед на која било политичка одлука за реализација на определен проект. Имено, според подносителот на Иницијативата поимот „штета на средства од буџет, од јавни фондови или од други средства на државата“ е непрецизен и растеглив, преопшт и остава простор за било кој проект за кој што се исплатени средства од буџетот да се интерпретира како одлука кој нанела штета на држава, под образложение дека истиот не бил приоритетен или бил предимензиониран.

Освен тоа, со оспорената одредба е извршена повреда на пропорционалноста на тежината на казненото дело со степенот на вина и со правото на слобода што му се одзема/ограничува на сторителот, на кој начин санкцијата за ова кривично дело се изедначува со кривичното дело - убиство и покрај тоа што добрата кои се заштитуваат со овие кривични дела не можат да бидат споредувани.

Во член 353 од Кривичниот законик е санкционирана злоупотребата на службената должност. Како еден од квалификаторните облици на ова дело е пропишано и неговото сторување при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или други средства на државата. Имено, во член 353 е пропишано:

Злоупотреба на службената положба и овластување

Член 353
(1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.
(2) Ако сторителот на делото од став 1 ќе прибави поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(3) Ако сторителот на делото од став 1 прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.
(4) Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија или лице

што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.
(5) Ако делото од ставовите (1) и (4) е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.“.

Согласно членот 8 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото, меѓу другите, е дефинирано како една од темелните вредности на уставниот поредок.

Согласно член 196 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/04), во членот 353 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи: „(5) Ако делото од став 1 е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години“.

Согласно член 100 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија бр. 114/09), во ставот (5) зборовите „од став 1“ се заменуваат со зборовите „од ставовите (1) и (4)“, а зборовите „најмалку четири години“ се заменуваат со зборовите „најмалку пет години“.

Следствено на наведеното, со Иницијативата се оспорува одредбата од членот 353 став 5 од Кривичниот законик, како нејасна и непрецизна.

Меѓутоа, битието на кривичното дело-злоупотреба на службената положба и овластување е утврдено во ставот (1) на член 353 од Кривичниот законик, согласно кој службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години, а во ставот (5) е утврдена казната во случај ако кривичното дело е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, како отежнителни околности. Оттука, неосновани се наводите дека за ова кривично дело нема јасен и прецизен опис во Кривичниот законик. Ова ако се имаат во предвид и одредбите од Законот за јавните набавки, каде е јасно утврдена постапката и условите за спроведување на јавна набавка од страна на сите ученици во јавната набавка, како и тоа дека одлуката за јавна набавка се донесува врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација, ако понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способностите. Одредбите од Законот за јавните набавки се во доволна мера прецизни и предвидливи, така што истите содржат јасна дистинкција по однос на тоа кое поведение под кои услови може да се смета за незаконско дејствие.

Наведените инкриминации во членот 353 од Кривичниот законик се насочени против државниот интерес за неприкосновеност на овластувањата на државните службеници, но и за заштита на довербата од правилното исполнување на службените должности. Понатаму, самиот поим „службена должност“ имплицира однос на подреденост спрема службата како дел од државните функции. Токму тоа е и суштината на оваа одредба која се огледа во потребата од ограничување на овластувањата на носителите на функциите на

власт. Имено, тие треба да бидат ставени во цврсти рамки за да се оствари владеењето на правото, со што, сметаме дека се неосновани изнесените тврдења на подносителот на Иницијативата во однос на повреда на членот 8 од Уставот на Република Македонија во делот на владеењето на правото. Исто така, се истакнува и дека целта на оваа одредба е во тесна корелација со фактот дека службената должност подразбира точно и уредно исполнување на службените овластувања, што претставува основен елемент за функционирање на правната држава. Значењето на оваа одредба се огледа и во фактот дека во сиве наведени односи, примарен објект на заштита претставува интересот на законито, совесно и правилно исполнување на службените овластувања.

Се истакнува дека се неосновани изнесените наводи во Иницијативата и од причина што овие дела како квалификаторен облик се вршат во рамките на вршењето на службена должност, со злоупотреба на службените овластувања со преземање противправни дејствија во кругот на овластувањето или со искористување на самата службена положба за преземање на дејствија што инаку не влегуваат во кругот на службените овластувања.

Како потежок облик на ова дело е издвоен оспорениот став (5) кој се однесува на вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или други средства на државата. Се истакнува дека се неосновани наводите изнесени од подносителот на Иницијативата во однос на пропорционалноста и балансот меѓу јавниот интерес и индивидуалните права, бидејќи построгото третирање на овој облик е оправдано со кумулирањето на две неправа: на самата злоупотреба, но и на повредата на интересот за законито и совесно постапување со средствата на државниот буџет, јавните фондови и другите средства на државата. За овие прашања поврзани со наведениот квалификаторен облик на делото пракса има развиено и Врховниот суд на Република Македонија кој во одлуката Кзз. бр. 32/2006 зазел став дека изреката за осудата за потешкиот облик мора да содржи опис на квалификаторната околност.

Тргнувајќи од наведените законски и уставни одредби на кои се повикува подносителот на Иницијативата и во однос на кои ги оспорува член 196 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/04) и член 100 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/09), се смета дека наводите во Иницијативата се неосновани, со оглед дека законското битие на злоупотребата на службената положба и овластување според Кривичниот законик е засновано врз единството на објективното и субјективното сфаќање, односно зависно од кривичното дело за кое се води постапка, битно е дали во конкретниот случај се остварени законските елементи на кривичното дело за кое се товари обвинетиот, тежината на делото и целите на казнувањето, од што ќе зависи и неговата кривична одговорност.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорените член 196 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/04) и член 100 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/09), не е повреден член 8 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на наведените членови од Кривичниот законик.

## Точка 38

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Влатко Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.105/2018, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010) поради потребата Министерството за правда да подготви заедничко мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 39

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 40

1. По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во врска со законската обврска за емитување на 24 часовна програма на албански јазик на вториот канал, Владата заклучи да му препорача на ЈП „Македонска радиотелевизија“ – Скопје, до наредната седница на Владата да достави Иинформација со образложени причини за тоа зошто не е реализирана оваа законската одредба, како и план и динамика за реализација на истата.

2. Имајќи ја предвид состојбата на компанијата и вработените во претпријатието „11 Октомври–Еурокомпозит“ АД Прилеп, како и барањата изнесени од страна на вработените, Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да пристапи кон подготвување на Предлог-закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, во насока и вработените од претпријатието „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Приле, да влезат во опфатот на законот и во рок од седум дена да го достави до Владата на разгледување, со предлог истиот да се донесе по скратена постапка.

Измената на Законот да биде во насока на промена на:

- продолжување на рокот за поднесување на барања за остварување на право по овој закон уреден во член 6,

- промена на член 1 од постојниот закон во кој ќе се смени датата за престанок на работниот однос по основ на стечај, ликвидација или техонолошки вишок и

- промена на член 2, став 1, алинеја 4, односно промена на датата на престанок на работниот однос со нова дата кој ќе одговара на датата на престанок на работниот однос по основ на технолошки вишок на вработените во компанијата „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп.

3. Владата по повод чествувањето на државниот празник „Ден на македонската револуционерна борба – 23 Октомври“ ги донесе следните заклучоци:

1. Делегацијата на Владата на Република Македонија во состав: д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Стојанче Ангелов, национален координатор за прашања поврзани со здружението на бранители и Љубе Бошкоски, посебен советник за странски инвестиции во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да положи свежо цвеќе на споменикот „Гоце Делчев“ во Градски парк-Скопје, на 23 октомври 2018 година, во 10:30 часот.

2. Се препорачува на Град Скопје-Јавно претпријатие за комунална хигиена - Скопје да ја исчисти локацијата кај споменикот, ден пред свеченото положување на цвеќе (22 октомври 2018 година).

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди свежо цвеќе, црвен тепих, два големи бели чадори во случај на врнежи, печатење на покани и курир за достава на покани.

4. Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Македонија да ангажира гардисти и да обезбеди сталаци за венци.

5. Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Македонија да подготви покани и да извести за активноста.

6. Се задолжува Службата за протокол на Владата на Република Македонија да подготви пресеанс листа и да го координира положувањето свежо цвеќе.

4. Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика да подготви соодветни измени на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, согласно Одлуката У.бр.87/2017 донесена од Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/18), во насока на усогласување со Законот за Владата на Република Македонија.

5. Владата заклучи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави информација со комплетна анализа и предлози за ревидирање на условите и видовите на осигурување од авто-одговорност.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 8.10.2018 година до 14.10.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

7. Во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот ,,Мајка Тереза“ – Скопје (44-8729/1), донесена на Деведесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 2.10.2018 година Владата ги задолжи Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за образование и наука и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје да ги преземат сите неопходни мерки и активности со цел да се изнајде начин за пристап до објектот на Универзитетот ,,Мајка Тереза“ – Скопје.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2018 година до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот, 1 јануари до 30 јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржаниот Четиринаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, Брисел, 13 јули 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активности во врска со реализација на проектот „Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии“, за периодот, јануари– јуни 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да го има предвид Мислењето на Фондот за иновации и технолошки развој.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 46**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата со Предлог-тарифа на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво „ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ“ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија на

локалитетот „Ада“ с.Мрзенци, Општина Гевгелија, ја усвои Информацијата и условно го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија, услуги и градежништво „ПЕЛАГОНИЈА-ТИРИЦ“ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија на локалитетот „Ада” с.Мрзенци, Општина Гевгелија, доколку има ново позитивно мислење од Министерството за финансии.

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за возила, условно го утврди со заклучок текстот на истиот да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство и потоа доколку се усогласи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Нериман Џеладини, раководител на сектор во Министерство за економија

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**